# ПИСМО

20. мај

Здраво мамо и тате,

Ние сме сега во село кај баба Донка. Тука сме веќе една недела. Пред тоа бевме во Битола кај тетка Вера. Таа нé чекаше на станицата. Од Белград до Битола дојдовме со воз.

Патувањето со авионот беше убаво, јас и дедо си зборувавме, а баба спиеше. Гледавме и еден филм.

Овде е многу убаво. Ние сакаме да ја видиме цела Македонија. Утре вујко Љупчо ќе нé носи во Охрид. После ќе одиме во Скопје кај чичко Перо и стрина Мира. Од таму ќе ви пишеме пак.

Многу поздрав на сите во Сиднеј.

Весна

I а) Прочитајте го писмото и одговорете на прашањата:

1. Каде е Весна сега?

______________________________

2. Каде беше пред тоа?

______________________________

3. Каде ќе оди после?

______________________________

б) Дали е точно? Напишете ДА или НЕ:

1. Весна го напиша писмото во Македонија. _______

2. Таа отиде на одмор со мајка ѝ и со татко ѝ. _______

3. Патувањето со авион беше интересно. _______

4. Во авионот Весна спиеше цело време. _______

5. Од Белград до Битола патуваа со кола. _______

6. Во Битола никој не ги чекаше. _______

7. На Весна ѝ се допаѓа во Македонија. _______

<u>Ова е картата на С Р Македонија.</u>




* Кои други места во Македонија ги знаеш? Напиши ги.

* Од каде се твоите родители? Прашај ги и напиши на картата.

II а) Поврзете ги зборовите со сликите:

хеликоптер авион автобус воз камион чамец



брод кола велосипед џип мотор ракета трактор

б) Групирајте ги возилата во три групи:

| по земја | по вода | во воздух |
|---|---|---|
| | | |

III Со што патуваше Весна?

Погледнете ја сликата и напишете:

1. Од дома до аеродромот во Сиднеј отидоа со ___к о л а___.
2. Од Сиднеј до Белград патуваа со __________.
3. Од аеродромот во Белград до железничката станица отидоа со __________.
4. Од Белград до Битола патуваа со __________.
5. Од железничката станица до куќата на тетка ѝ отидоа со __________.



## IV ПОГОДЕТЕ ШТО СУМ !

| |
|---|
| Јас немам крила, ама летам. Можам да застанам каде што сакам.<br>авион / (хеликоптер) |
| Имам големи тркала. Јас одам по патот и носам многу работи во мојата приколка.<br>камион / автобус |
| Имам две тркала. Не ми треба бензин. Можам да те носам и таму каде што нема пат.<br>мотор / велосипед |
| Јас одам по вода. Можам да патувам далеку. Носам многу патници преку морињa и океани.<br>брод / чамец |
| Јас не можам да одам по обичен пат. Моите тркала одат само по шини.<br>воз / трактор |

## V Напишете ги испуштените зборови:

ПАТ   ПАТУВА   ПАТНИЦИ

Ова е главниот ____________ за Сиднеј. Автобусот оди по него секој ден. Тој носи многу ____________________. Татко ми често ____________________ со автобусот за Мелбурн. И јас сакам еднаш да ____________ со него.

# СЕКОЕ ПАТУВАЊЕ НОВО ДОЖИВУВАЊЕ

Патував, патував еднаш со <u>воз</u>
И видов, видов еден голем <u>мост</u>.

Секое патување ново доживување,
Секое патување ново доживување.

Патував, патував со <u>авион</u>
И видов, видов еден голем <u>слон</u>.

Секое патување ново доживување,
Секое патување ново доживување.

* Продолжете ја песничката.

## VI ФАМИЛИЈАРНО ДРВО




*Нацртајте го вашето фамилијарно дрво.

# 8. ПИСМО

I Дополнете ги зборовите:

Денес е сабота. Секоја сабота јас ода_м_ во македонско училиште. Таму уча _ да чита _ македонски.

Вчера бе _ _ петок. Јас бе _ на училиште. Ние има _ _ _ спорт. Јас игра _ фудбал.

Утре е недела. Ние ќе оди _ _ кај чичко ми на фармата. Таму ќ _ си игра _ со децата цел ден.

II Напишете МИ МУ ИМ И или ТИ каде што треба:

1. Сестра ____ на Тони е малечка.
2. Весна и Мајка ____ отидоа на пазар.
3. Јас и брат ____ секогаш играме во паркот.
4. Баба ____ на Весна и на Кире ќе дојде на гости.
5. Миле, како се вика брат ____?

III Напишете ги испуштените букви во зборовите:

| | |
|---|---|
| Х | _ еликоптер   возду _   _ едела |
| Н | _ оси   _ рана   сло _ |

| | |
|---|---|
| Њ | ди _ а   _ убичица   _ упка |
| Љ | патува _ е   _ убов   ко _ |